Република Северна Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 10**

**18.07.2019**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Согласност за Правилникот за внатрешна организација на работните места на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар**

1.Ја објавувам Согласноста на Правилникот за внатрешна организација на работните места на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар донесена на 28 -та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.07.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 656/1 Општина Демир Хисар**
**18.07.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа /"Службен весник на РМ" бр.5/02/, а во согласност со член 43 точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/, Советот на општина Демир Хисар на 28 седница одржана на 15.07.2019 година даде

**СОГЛАСНОСТ**

**Правилникот за внатрешна организација на работните места на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар**

1. Советот на општина Демир Хисар дава Согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈОУДГ „Втори Септември " Демир Хисар бр.01-46/3 од 11.06.2019 година усвоен со Одлука на УО на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар бр.01-46/1 од 11.06.2019 година.

2. Согласноста е составен дел на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈОУДГ „ Втори Септември" Демир Хисар.

3. Согласноста на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17- 623/2 Совет на Општина Демир Хисар
15.07.2019 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Согласност за Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар**

1.Ја објавувам Согласноста на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар донесена на 28 -та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.07.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 656/2 Општина Демир Хисар**
**18.07.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа /"Службен весник на РМ" бр.5/02/, а во согласност со член 43 точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/, Советот на општина Демир Хисар на 28 седница одржана на 15.07.2019 година даде

## СОГЛАСНОСТ

### Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар

4. Советот на општина Демир Хисар дава Согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Втори Септември " Демир Хисар бр.01-46/2 од 11.06.2019 година усвоен со Одлука на УО на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар бр.01-46/1 од 11.06.2019 година.

5. Согласноста е составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „ Втори Септември" Демир Хисар.

6. Согласноста на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17- 623/3 Совет на Општина Демир Хисар
15.07.2019 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

## *ЗАКЛУЧОК*

### за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2019 година

1.Ја објавувам Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2019 година донесена на 28 -та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.07.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 656/3 Општина Демир Хисар**
**18.07.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Општина Демир Хисар донесена на 28 -та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.07.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 656/4 Општина Демир Хисар**
**18.07.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Северна Македонија, бр.5/02), а во врска со член 43 став 1, член 55, 161, 162, 163 и 164 од Статутот на Општина Демир Хисар(Службен Гласник на Општина Демир Хисар бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13 и 18/14), Советот на општина Демир Хисар донесува

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Статутот на Општина Демир Хисар**

Член 1

Во целиот текст во Статутот на општината, зборовите ,,Република Македонија'' се заменуваат со зборовите ,,Република Северна Македонија''

Член 2

Во членот 3 зборот ,,бб'' се брише и се заменува со ,, бр.8''

Член 3

Во членот 84 ставот 2 се менува и гласи: ,, Градоначалникот го назначува Секретарот од редот на административните службеници од категорија Б и истиот треба да ги исполнува посебните услови за работното место за нивото Б4 на раководни административни службеници, односно најмалку 4 години работно искуство во струката од кои најмалку една година најмалку работа во јавен сектор, одннsocно најмалку 6 години работно искуство во струката од кои најмалку 2 години на раководно работно место во приватен сектор.

Исто така, за работното место Секретар мора да се исполнети посебните услови како и општите работни компетенции за ниво Б и посебните работни компетенции за истото ниво.

Член 4

Во глава XIII- Извршување на обврска од областа на одбраната во воена состојба се вршат следниве измени и дополнувања:

Во членот 129-м став 2 се додава нова алинеја 6 и гласи: ,, Ставање во функција на неопходните задачи и обврски во областа на подготовките за одбрана''.

Во членот 129-м став 2 алинеја 2 во истиот член зборовите: ,,цивилна заштита'' се менува со зборовите ,, заштита и спасување''.

Во членот 129-м се додава нов став 3 кој гласи:,, Општина Демир Хисар во рамките на својата надлежност утврдена со закон, има обврска за свои потреби, заради ефикасна превенција и рано препупредување од потенцијална кризна сосотојба да вршат процена на ризиците и опасностите на локално ниво, да ги утврдуваат потребите и да ги планираат ресурсите.

Во членот 129-м се додава нов став 4 кој гласи:,, во справувањето со кризи, Општина Демир Хисар ги врши следниве работи:

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/2005,103/2008, 56/2009, 95/2010, 180/2011,171/2012, 192/2015,167/2016) и во врска со член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02) советот на општина Демир Хисар на 28 седница одржана на 15.07.2019 година донесе

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ДЕМИР ХИСАР**

**за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ДЕМИР ХИСАР за 2019 година на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 36.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 124.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** | | | | | |
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | -130.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JI0** | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВ** | | | | | |
| 482920 | Изградба на други објекти | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **R10** | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА** | | | | | |
| 482410 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на деп | -50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар и станува составен дел на Буџетот на општината за 2019 година

Бр. 17-623/4
15.07.2019

Претседател на Советот на општината
Благоја Стојоски

- Ги следи состојбите и дејствата и појавите кои можат да доведат до настанување на криза на подрачјето на општина Демир Хисар;
- Донесува процена на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општина Демир Хисар;
- Донесува програма за ревитализација на Општина Демир Хисар по елимирањето на кризата;
- Ги спроведува одлуките на Владата во врска со справување на криза на подрачјето на Општина Демир Хисар и
- Одлучува за висината на средствата за управување со кризи од Буџетот на општината.

Член 5

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17- 623/5 Совет на Општина Демир Хисар
15.07.2019 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиска помош**

1.Ја објавувам Одлуката за одобрување на финансиска помош на Сојузот на хемичарите и технолози на Македонија од Скопје по предходно доставено барање бр. 10-606/1 од 08.07.2019 година донесена на 28 -та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 15.07.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 656/5 Општина Демир Хисар**
**18.07.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 , член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ, бр. 05/2002) и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13 и 18/14), а по барање на Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија од Скопје бр.10-606/1 од 08.07.2019 година, Советот на општина Демир Хисар донесува

**О Д Л У К А**
**одобрување на финансиска помош**

1. Со оваа одлука се одобрува финансиска помош на Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија од Скопје по предходно доставено барање бр. 10-606/1 од 08.07.2019 година за покривање на дел од трошоците потребни за котизација за учество на натпревар Меѓународна олимпијада по хемија (International Chemistry Olympiad, IChO) кој оваа година ќе се оддржи во Париз Франција од 21 до 30 јули 2019 година.

2. Советот на општина Демир Хисар одобри финансиската помош во

висина од 60.000,оо денари. На натпреварот учествуваат двајца натпреварувачи од Општина Демир Хисар Стефан Дамчевски од Демир Хисар ученик во ПСУ „Јахја Кемал“ Струга и Александар Трајковски од Демир Хисар ученик во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17- 623/6 Совет на Општина Демир Хисар
15.07.2019 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1. Согласност за Правилник за внатрешна организација на работните места на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар---------1
2. Согласност на Правилникот за систематизација на работните места на Јавна општинска установа за деца-детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар--------2
3. Одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на општина Демир Хисар за 2019 година---3
4. Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Демир Хисар---------3-4
5. Одлука за финансиска помош за олимпијата по хемија на Сојуз на хемичари и техничари Скопје---4-5

**Општина Демир Хисар,**
**ул. Битолска б.б**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**